**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „КЛИНИЧКА КИНЕЗИТЕРАПИЈА” ОД АВТОРИТЕ ВИШ ПРЕДАВАЧ Д-Р ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА, АСС. М-Р ТОШЕ КРСТЕВ, АСС. М-Р ДАНЧЕ ВАСИЛЕВА И М-Р ТАМАРА СТРАТОРСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2502- 278/16 од 129. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 5.11.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ѓорге Зафировски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- проф. д-р Иван Топузов, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“, Благоевград, Р. Бугарија;
- проф. д-р Лејла Крајџикова, Национална спортска академија НСА „Васил Левски“, Софија, Р. Бугарија,

за изготувување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „КЛИНИЧКА КИНЕЗИТЕРАПИЈА” од виш предавач д-р Ленче Николовска, асс. м-р Тоше Крстев, асс. м-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска, наменет за студентите од прв циклус на студиската програма Физиотерапевти на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „**Клиничка кинезитерапија“** се состои од 112 страници и содржи 34 слики во боја. Истиот е конципиран во 14 поглавја, етаблирани едноподруго согласно со Наставниот план и програма приложен на почетокот од академската година. Ракописот е наменет за студентите на студиската програма за Физиотерапевти при Факултетот за медицински науки. Студентите овој ракопис ќе го користат во четвртиот и петтиот семестар по предметите Кинезитерапија, кој се слуша со неделен фонд на часови 2+2+2 и Клиничка кинезитерапија, кој се слуша со неделен фонд на часови 2+2+2. Имајќи предвид дека Кинезитерапијата е основниот практичен дел на сите физиотерапевтски и рехабилитациски дисциплини овој материјал нуди можност студентите полесно и едноподруго да ги совладаат термините од областа на кинезитерапијата и истите да ги применат во понатамошната нивна пракса.

Содржините се конципирани како тематски целини, зачуван е принципот на постапност при елаборирање на одредени стручни термини, темите се јасно обработени и илустрирани со примери и слики што овозможува системско совладување на основните принципи и постулати. Секое поглавје е обработено со сериозно внимание, со бројни релевантни слики кои овозможуваат поедноставно и поцелосно разбирање на содржината.

Ракописот започнува со **првото поглавје** во чиј воведен дел се дефинирани предметот, објектот и карактерот на кинезитерапијата, како и нејзиното место во процесот на рехабилитација и здравствена заштита.

Во **второто поглавје** се презентирани механизмите на дејство на кинезитерапијата врз човечкиот организам со акцент на моторната реедукација и усвојувањето на движечките навики и динамички стереотипи.

Во **третото поглавје** авторите се надоврзуваат на процесите објаснети во второто со акцентирање овој пат на другите аспекти на рехабилитацијата преку кинезитерапија со објаснување на методите и правилата за тренинг.

Во **четвртото** и **петтото поглавје** авторите даваат јасна слика за различните фази и периоди на рехабилитација, целите, задачите, како и методските правила и насоки за правилно дозирање на процедурите по кинезитерапија.

**Шестото** и **седмото поглавје** се осврнуваат на богатиот спектар на видови, а соодветно на нив и средства на кинезитерапијата. Се даваат примери на физички вежби и специјални техники, при што се објаснети начините на дејство и се дадени укази за нивно комбинирање во една оптимизирана целина под формата на кинезитерапевтска процедура.

Во **осмото** и **деветтото поглавје** се прикажани практични примери за составување на кинезитерапевтска шема и комплекс, нивно индивидуално дозирање во зависност од потребите и можностите на даден пациент, како и примери за скицирање на содржината на комплексите.

Во **десеттото, единаесеттото, дванаесеттото, тринаесеттото и четиринаесеттото** поглавје се објаснува примената на кинезитерапија при заболувања и состојби на различните органи и органски системи на човечкото тело. Во овие поглавја авторите даваат јасна слика за целата постапка за рехабилитација преку презентирање на патологијата, клиничката слика, целите, задачите, како и средствата и методите за примена на кинезитерапија. Дадени се и практични примери под формата на шеми и комплекси за најчестите заболувања. **Десеттото** поглавје се осврнува на трауматологијата и улогата на кинезитерапијата при заздравувањето од најчестите состојби и повреди како контузија, дисторзија итн. Во **единаесеттото поглавје** особено внимание е посветено на ортопедијата, на различните заболувања и состојби при кои примена наоѓа кинезитерапијата. **Дванаесеттото поглавје** е посветено на ревматологијата, особеностите на заболувањата, индикациите и контраиндикациите во рехабилитацијата. **Тринаесеттото** поглавје е посветено на интерните болести, начините на терапија, рехабилитација, како и превенција со средставта на кинезитерапијата. **Четиринаесеттото поглавје** ја опфаќа рехабилитацијата во неврологијата. Презентирани се примери со најчесто среќаваните заболувања на нервниот систем и начините и фазите на нивна рехаблитација.

Ракописот е напишан на ниво кое може да биде усвоено и апсорбирано од страна на редовните и вонредните студенти, но и на сите останати лица кои имаат потреба од доедукација од оваа област. Материјалот е пишуван на литературен македонски јазик и истиот можат да го користат и останатите студенти при Универзитетот „Гоце Делчев" кои изучуваат слична или иста област.

Ракописот Клиничка кинезитерапија, според обемот и содржина, како и според бројот на часови предвидени за горенаведениот предмет ги задоволува критериумите и е според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот Клиничка кинезитерапија од виш предавач д-р Ленче Николовска, асс. м-р Тоше Крстев, асс. м-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска, наменет за студентите запишани на студиската програма Физиотерапевти при Факултетот за медицински науки е конципиран по однапред утврден наставен план и програма.

Авторите прецизно ги опишуваат принципите за меѓусебно комбинирање на кинезитерапевтските средства и методи, механизмите на нивно дејство врз човечкиот организам, со цел детално да ги објаснат основните правила за составување на кинезитерапевтска програма за лекување на одредени патофизиолошки и функционални промени на локомоторниот апарат и на организмот во целина. Ракописот нуди можност студентите да се запознаат со начините за составување и практично спроведување на кинезитерапевтска процедура.

Целокупното знаење и вештини што ќе ги стекнат студентите од овој ракопис, можат да бидат имплементирани во останатите физиотераписки и рехабилитациски области.

На крајот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го прифати позитивно рецензираниот ракопис „Клиничка кинезитерапија" од авторите виш. предавач д-р Ленче Николовска, асс. м-р Тоше Крстев, асс. м-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ѓорге Зафировски, с.р.**
**Проф. д-р Иван Топузов, с.р.**
**Проф. д-р Лејла Крајџикова, с.р.**